РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ - СКОПЈЕ
MINISTRIA E POLITIKËS SOCIALE E DEMOGRAFISË DHE E TË RINJVE - SHKUP
Бр. / Nr. 02-3667/8
17-06-2026 20 год. / viti

Друштво за услуги и трговија
Shoqata për shërbime dhe tregti
РЕСОЛУШНС ДООЕЛ експорт-импорт
RESOLUTIONS SHPKNJP eksport-import
Бр./Nr. 28-0307/2026
18.06 2026 год./viti
Тетово-Tetovë

# ДОГОВОР ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Одржување на регистарот zgrizuvanje.mk**

Склучен на ден ___.___. 2026 година

## I ДОГОВОРНИ СТРАНИ

**1. Министерство за социјална политика, демографија и млади** со седиште на ул. „Даме Груев“ бр.14, Скопје, претставувано од Министер Fatmir Limani, во понатамошниот текст: **Договорен орган**, и

**2. Друштво за услуги и трговија РЕСОЛУШНС ДООЕЛ експорт-импорт Тетово, Shoqeri per sherbime dhe tregti RESOLUTIONS SHPKNJP eksport-import Tetove**, со даночен број 4028021542578 и матичен број 7480407, претставувано од одговорното лице Нермин Решиди, во понатамошниот текст: **Носител на набавката**.

## II ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Со овој договор се уредуваат меѓусебните права и обврски помеѓу Договорниот орган и Носителот на набавката, согласно спроведената постапка за јавна набавка како набавка од мала вредност за набавка на услуги, во согласност со позитивните законски прописи (Законот за јавни набавки и Законот за облигациони односи) и важечките подзаконски акти.

**Член 2**

Договорните страни го склучуваат овој договор врз основа на Одлука за јавна набавка со архивски број 02-3667/1 од 29.04.2026 година, Одлука за избор на најповолен понудувач со архивски број 02-3667/6 од 04.06.2026 година, како и врз основа на доставената понуда на Носителот на набавката со број на оглас 08673/2026, со која во целост се прифатени условите, барањата и напомените предвидени во тендерската документација.

Предмет на овој договор е вршење на услуги за одржување на регистарот zgrizuvanje.mk, и тоа: веб хостинг за веб страната zgrizuvanje.gov.mk и услуги за техничко и содржинско одржување на веб страната, за потребите на Министерството за социјална политика, демографија и млади, согласно техничката спецификација и прифатената понуда.

Договорот се склучува во согласност со позитивните законски прописи, и тоа: Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр. 24/2019 и „Службен

весник на Република Северна Македонија“ бр. 87/21, 14/25) и Законот за облигациони односи, како и сите други важечки подзаконски акти кои се во сила во моментот на склучување на овој Договор.

**Член 3**

Услугите опфатени со овој договор се:

- Веб хостинг за веб страната zgrizuvanje.gov.mk согласно техничката спецификација (12 месеци);
- Услуги за техничко и содржинско одржување на веб страната (интервенции, ажурирање содржини, корекции и поддршка).

## III ЈАЗИК НА ДОГОВОРОТ

**Член 4**

Јазик на Договорот и на другите документи кои претставуваат составен дел на Договорот е македонскиот јазик.

Јазик на целата комуникација во писмена форма помеѓу договорните страни е македонски јазик.

## IV ВРЕМЕТРАЕЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 5**

Овој договор е со важност од 12 (дванаесет) месеци, сметано од денот на неговото потпишување од двете договорни страни.

## V ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 6**

Вредноста на договорот е утврдена врз основа на проценета вредност на набавката и истата изнесува 100.000,00 денари без данокот на додадена вредност, односно 100.000,00 денари со вклучен ДДВ (0%). Носителот на набавката ќе ги извршува услугите согласно потребите на Договорниот орган во рамки на средствата предвидени за реализација на оваа набавка, а Договорниот орган нема обврска да ги искористи сите расположливи средства доколку нема потреба.

**Член 7**

Единечните цени на услугите, во согласност со прифатената финансиска понуда, изнесуваат:

- Веб хостинг: 1.450,00 ден./месец (без ДДВ)
- Услуги за техничко и содржинско одржување: 1.750,00 ден./работен час (без ДДВ)

Цените се фиксни и непроменливи за целото времетраење на договорот.

**Член 8**

Детален преглед на услугите и нивните вредности е содржан во следната табела:

| Ред. | Шифра | Опис на услуга | Мер. ед. | Кол. | Ед. цена (ден.) | Вкупно без ДДВ | Цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 72267100-0 | Веб хостинг за веб страната zgrizuvanje.gov.mk согласно техничката спецификација | Месец | 12,00 | 1.450,00 | 17.400,00 | 17.400,00 (0%) |
| 2 | 72267100-0 | Услуги за техничко и содржинско одржување (интервенции, ажурирање содржини, корекции и поддршка) | Работен час | 1,00 | 1.750,00 | 1.750,00 | 1.750,00 (0%) |

## VI МЕСТО, РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**Член 9**

Носителот на набавката е должен да ги изврши услугите стручно, квалитетно и во согласност со важечките законски и подзаконски прописи, техничката спецификација, техничката понуда и одредбите од овој договор.

**Член 10**

Носителот на набавката е должен да започне со извршување на услугите најдоцна во рок од 5 (пет) работни дена од денот на потпишувањето на договорот. Веб хостинг услугата ќе биде активна за целиот договорен период.

**Член 11**

Носителот на набавката е должен да ги обезбеди следниве услуги:

**Техничко одржување:**

- редовна проверка на исправноста на веб страната;
- отстранување на технички грешки и нефункционалности;
- мониторинг на uptime (следење дали веб страната работи непречено).

**Безбедносно одржување:**

- редовни безбедносни ажурирања на CMS (WordPress), додатоци и теми;
- заштита од неовластен пристап, малициозен код и спам;
- редовно извршување на безбедносни проверки за vulnerabilities.

**Бекап (Резервни копии):**

- дневно, неделно и месечно правење на резервни копии од целата веб страна (база на податоци, слики и други податоци).

**Содржинско одржување:**

- внес и ажурирање на текстови, фотографии, банери и документи;
- објава на новости, известувања и други информативни содржини;
- ажурирање на статични страници и секции, додавање нови содржини.

**Оптимизација на перформанси:**

- проверка на брзината на вчитување на веб страната и оптимизација на сликите и кодот за подобра брзина;
- проверка на серверските логови и решавање на можни проблеми со перформансите.

**SEO оптимизација:**

- исправка на broken links;
- редовно ажурирање на мета ознаки и клучни зборови.

**Поддршка за корисниците:**

- тестирање на форми, контактирање со услуги и други функционалности за да се обезбеди дека се функционални.

**Ажурирање на технологии:**

- ажурирање на скрипти, библиотеки и други ресурси што може да се користат на веб страната.

**Анализа и известување:**

- анализа на податоците од посетителите (Google Analytics или слично) и периодично известување до Договорниот орган.

**Член 12**

Видови на интервенции:

- Превентивно одржување – редовни проверки, ажурирања и оптимизации;
- Корективно одржување – отстранување на дефекти, падови, грешки и нефункционалности.

**Член 13**

Рокови на одговор:

| Тип на проблем | Рок за одговор / интервенција |
|---|---|
| Пријавен проблем | Одговор во рок од најмногу 24 часа |
| Критичен проблем | Интервенција во рок од најмногу 4 часа |
| Помали проблеми | Рок договорен со Договорниот орган |

**Член 14**

Начин на извршување на услугите:

- по електронски пат и со далечински пристап;
- по писмено барање на Договорниот орган;
- со месечна или квартална координација по потреба.

**Член 15**

По завршување на секоја интервенција или по барање на Договорниот орган, Носителот на набавката е должен да достави писмен извештај за извршените активности.

**Член 16**

Договорниот орган го задржува правото да врши контрола на квалитетот на извршените услуги и, доколку утврди неправилности или неусогласеност со договорот и техничката спецификација, да побара повторно извршување на услугите без дополнителен надомест.

## VII НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**Член 17**

Плаќањето ќе се врши по извршена услуга, врз основа на уредно доставена фактура во Архивата на Министерството за социјална политика, демографија и млади, кон која задолжително се доставува потпишан извештај од двете страни со кој се потврдуваат реализираните активности. Договорниот орган ќе ја изврши исплатата вирмански, во рок до 30 (триесет) дена од денот на приемот на уредна и комплетна фактура.

**Член 18**

Во договорената цена се вклучени сите трошоци поврзани со извршувањето на услугите, вклучително и трошоците за хостинг инфраструктура, технички интервенции, ажурирање на содржини, backup, мониторинг и корисничка поддршка, при што Носителот на набавката нема право на дополнителни финансиски побарувања кон Договорниот орган.

## VIII ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

**Член 20**

Носителот на набавката е обврзан да ги извршува услугите во согласност со условите утврдени во тендерската документација, техничката спецификација, техничката понуда и овој договор.

**Член 21**

Носителот на набавката е должен да исполнува и следниве обврски:

- да обезбеди стручен и обучен кадар за вршење на услугите;
- да ги почитува сите мерки за заштита на информациите и безбедноста на системот;
- да ги чува доверливи сите податоци до кои ќе има пристап при извршувањето на услугите;
- да го известува Договорниот орган за сите технички проблеми и неправилности во функционирањето на веб страната.

## IX ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

**Член 22**

Договорниот орган се обврзува:

- да обезбеди потребни пристапни податоци (credentials) за извршување на договорот;
- да достави барање/нарачка за секоја интервенција или ажурирање на содржини;
- да изврши плаќање во договорениот рок;

**Член 23**

Лице задолжено за реализација на договорот кај Договорниот орган е Танче Георгиевски и Марија Шикова или друго лице овластено од Министер.

## X ДОГОВОРНА КАЗНА ЗА ЗАДОЦНУВАЊЕ ИЛИ НЕУРЕДНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ОБВРСКИ

**Член 24**

Договорните страни се согласни дека во случај кога Носителот на набавката нема да ја изврши обврската согласно тендерска документација и овој договор, истиот е согласен на договорна казна. Носителот на набавката се обврзува да плати пенали во висина на 5 (пет) промили од вредноста на неизвршената услуга за неисполнување или неуредно и задоцнето исполнување, но износот на пеналите не може да биде поголем од 5% од вредноста на овој Договор. Договорниот орган пресметката на договорната казна ќе ја одбие од цената на услугата одредена во Член 6 од овој договор.

## XI ВИША СИЛА

**Член 25**

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на овој Договор до кое би дошло заради Виша сила. Ако една од договорните страни е спречена заради Виша сила, должна е во рок од 24 часа писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините на Виша сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

Во случај на делумна невозможност за исполнување поради настан за кој не е одговорна ни едната ни другата договорна страна, другата страна може да го раскине договорот ако делумното исполнување не им одговара на нејзините потреби, инаку договорот останува во сила, а другата страна има право да бара сразмерно намалување на својата обврска.

По отстранување на вишата сила, Договорот може да се реализира по потреба со заедничко прифатено дополнување или да се раскине договорно.

## XII ПРИМЕНЛИВ ЗАКОН

**Член 26**

Врз сите евентуални спорови кои би произлегле од овој договор ќе се применуваат важечките прописи на Република Северна Македонија.

## XIII УСЛОВИ ЗА ПРЕКИНУВАЊЕ ИЛИ РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

**Член 27**

Кога Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска, во тој случај Договорниот орган, може да бара исполнување на обврската или да го раскине Договорот, а во секој случај има право на надомест на штета дури и да не даде дополнителен рок за извршување на услугата.

**Член 28**

Кога носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, договорниот орган има право да му даде дополнителен рок за исполнување на обврската.

Дополнителниот рок може да се даде само во случај кога Договорниот орган не трпи штета и во тој случај нема да се бара надомест на штета.

**Член 29**

Ако носителот на набавката не ја исполни својата обврска во определениот рок / дополнителниот рок, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара надомест на штета и договорна казна.

**Член 30**

Во случај на раскинување на договорот поради неисполнување на обврските во определениот рок и во дополнителниот рок, Договорниот орган има право на надомест на штета и договорна казна.

**Член 31**

Договорниот орган може да го раскине договорот и без да му остави на Носителот на набавката дополнителен рок за исполнување на обврската, ако од неговото однесување произлегува дека тој нема да ја изврши својата обврска ниту во дополнителниот рок.

**Член 32**

Кога пред истекот на рокот за исполнување на обврската е очигледно дека Носителот на набавката нема да ја исполни својата обврска од договорот, Договорниот орган може да го раскине договорот и да бара надомест на штетата.

**Член 33**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагување.

**Член 34**

Договорот не може да се раскине поради неисполнување на незначителен дел од обврската.

**Член 35**

Со раскинувањето на договорот двете договорни страни се ослободуваат од своите обврски, освен од обврската за надомест на евентуалната штета. Ако една страна го извршила договорот целосно или делумно, има право да и се врати она што го дала. Страната што враќа пари е должна да плати казнена камата од денот кога ја примила исплатата.

**Член 36**

Ако по склучувањето на договорот настапат околности што го отежнуваат исполнувањето на обврската на едната договорна страна или ако поради нив не може да се оствари целта на договорот, страната на која и е отежнато исполнувањето може да бара договорот да се раскине. Договорот нема да се раскине ако другата страна понуди или се согласи соодветните услови од договорот да се изменат справедливо.

## XIV РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**Член 37**

Сите евентуални спорови и недоразбирања кои би произлегле од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат во духот на добрите деловни обичаи со меѓусебно договарање; во спротивно, надлежен за решавање на сите евентуални спорови е Граѓански суд Скопје-2, Скопје.

## XV КОРУПЦИСКО ИЛИ ИЗМАМНИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 38**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор. Ниту една од договорните страни нема да понуди, прими или очекува корист за себе или за друго лице во врска на награда, парични средства или други погодности, непосредно или посредно, во врска на измамничко однесување или корупција.

Договорот за јавна набавка во текот на неговата важност може да се дополни и/или измени само врз основа на член 119 од Законот за јавни набавки. Дополнувањата и измените се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

## XVI ЗАВРШНИ И ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 39**

Договорните страни можат да ги дополнат или изменат одредбите од овој Договор само спогодбено.

Договорната страна која бара измена или дополнување е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Одредбите од овој Договор можат да се изменат или дополнат со склучување на Анекс кон договорот, согласно член 119 од Законот за јавни набавки и позитивните законски прописи во Република Северна Македонија.

Дополнувањата и измените на овој Договор се важечки ако се направени во писмена форма и ако се потпишани од двете договорни страни.

Договорните страни немаат право своите обврски да ги пренесат на трета страна, без взаемна писмена согласност и согласно Законот за јавни набавки.

**Член 40**

Овој договор е составен во 4 (четири) примероци, од кои секоја страна задржува по 2 (два) примерока и стапува во сила со денот на неговото склучување.

| **Договорниот орган** | **Носителот на набавката** |
|---|---|
| **Министер** | **Одговорно лице** |
| **Fatmir Limani** | **Нермин Решиди** |

Изработил: Теодора Васиќ Петровска, Раководител на одделение

Согласен: Љубица Панова, Раководител на сектор

Одобрил: Fatmir Sabriu, Државен секретар